# ОД КУЛТУРНОТО МИНАТО

УДК. 235.3:929 (497.17)

Илија ВЕЛЕВ

## ВОСПОСТАВУВАЊЕТО КУЛТ НА ПУСТИНОЖИТЕЛОТ ГАВРИЛ ЛЕСНОВСКИ

Првите векови од новата ера се одбележале со ширењето и со растежот на христијанството. Неговите идеолошки признаци дале белег на целиот натамошен општествен развој. Почетните пробиви на христијанството наидувале на отпори од присутната паганска свест. Протагонистите на христијанската вера станале првите маченици, а нивната пожртвованост и оддаденост се прикажувале низ различни форми, за да се привлече вниманието на луѓето и да се стекнат нови приврзаници во омасовувањето на религиските импресии. Се појавил култот кон жртвите за христијанската вера, што се изразувал со јавно народно почитување на заслужените христијани. Се прогласиле првите маченици и во нивна чест се одвивале обредни ритуали, што сè повеќе го зајакнувале нивниот култ[1]. Култот кон мачениците стекнал висок степен во христијанскиот живот, така што најпочитуваните меѓу нив се прогласувале и за светители. Ова високо достоинство тие го стекнале со религиозниот хероизам во одбраната на христијанската вера[2]. Миодраг Пурковиќ го набљудува создавањето и изградувањето на светителските култови како религиозна филозофија, а во нејзината основа ги разоткрива психолошките конотации. Според него обичните смртници не биле определени случајно за светители, особено кога се наметнале со покорност и се поистоветиле со идеолошката платформа на христијанската религија. Тие се замислувале како посредници меѓу верниците и врховната наклонетост на Бога. Преку светителите се сослушувале молбите на верниците и им се опростувале гревовите од земниот живот и се изборувал спасот на душите[3]. Христијанските светители ја задржале моќта и по смртта да вознесуваат, зашто нивните мошти правеле чуда. Кога по нивната смрт би престанала чудотворната моќ што ја поседувале, тогаш не би се одржал култот. Токму

[1] Леонтије Павловић, Култови лица код Срба и Македонаца, Смедерево 1965, 7.

[2] Првош Сланкаменац, Легенде о јужнословенским анахоретима, „Гласник Скопског научног друштва", књ. 1, Скопље 1925, 216.

[3] Миодраг Ал. Пурковић, Светитељски култови у старој српској држави према храмовном посвећивању, Београд 1939, 3.

по нивната смрт тие биле трансформирани во светители и се верувало во повисоката сфера на надчовечката сила. Тоа придонесувало за натамошен развој на култот на светителите[4].

Култот како социолошка појава, изолиран од теолошкиот аспект на толкување, претставува спонтано почитување и има одглас од обредните погребни свечености на хероите од паганската ера. Во ранохристијанскиот период најчесто култот се манифестирал како народно јавно почитување на заслужените христијани. Култните облици на Балканот се развиле од две насоки: преку римско-византиската традиција што влијаела на овој простор, но и преку пренесувањето на култните почитувања кон заслужените претци на старите Словени. Старите култни облици ја формирале и основата за развој на нови култни личности.

Првите почетоци на црковно организирање во Македонија се јавиле на бреговите на Охридското и Преспанското Езеро. Таму се воспоставиле и првите светителски култови[5]. Секој новоизграден храм се посветувал на некој светител, со што на тој терен и заживувал неговиот култ. Во прво време се ширеле општохристијанките култови, но набргу се градел и се развивал култот кон домашните светители. Особено предначело ширењето на култот на светителите Кирил и Методиј Солунски и Климент и Наум Охридски. Во времето на цар Самоил траел процесот на пренесувањето на светителските култови. По разбивањето на неговата држава настапило силно влијание во црковниот живот, чијшто носител бил византискиот клер[6]. Понагласено византиско влијание во духовниот живот во Македонија настанало по пропаста на востанието на Петар Делјан во 1041 година, кога автокефалноста на Охридската црква постепено паднала под фанариотско управување[7]. На чело на Охридската архиепископија, по архиепископот Јован се нашол Леон, роден од Пафлагонија во Мала Азија[8]. Како резултат на отпорот на духовниот притисок од Византија во северните предели на Македонија се појавил култот на пустиножителите Јоан Рилски, Прохор Пчински, Јоаким Осоговски и Гаврил Лесновски. Култниот однос кон нивните личности придонел тие да се прогласат за светители по нивната смрт. Ширењето на нивниот култ се одвивал од перспективата на теолошкиот принцип, но истовремено послужил и за политичка, социјална, етичка и психолошка стратегија. Со создавањето на култовите на четворицата пустиножители, кај месното словенско население се развила словенската свест како отпор на византиските духовни влијанија, што ја ограничувала нивната поширока слобода[9]. Интересно е согледувањето на Леонтие Павло-

---

[4] П. Сланкаменац, Легенде..., 216.

[5] М. Пурковић, Светитељски култови..., 9.

[6] Исто..., 8.

[7] Василије Марковић, Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији, Сремски Карловци 1920, 15.

[8] Стојан Новаковић, Први основи словенске књижевности међу балканским Словенима, Београд 1893, 165; Б. Прокић, Постанак Охридског патријархата, „Глас“, 90, 1912.

[9] Вера Антиќ, Локални хагиографии во Македонија, Скопје 1977, 13.

виќ, кој смета дека нивниот култ бил во служба и на спротивставувањето на богомилското учење[10].

Култот на пустиножителот Гаврил Лесновски се развил во Злетовскиот крај, каде што и се подвизувал. Тој не бил маченик од типот на светителите, коишто биле жртви на противниците на христијанската религиија. Подвизничкиот подвиг што го извршил во името на својата христијанска определена свест давал пример на покорен и достоинсвен еремитски монах. Пустиножителскиот начин на живеење ја издигнал неговата личност до достоинствениот чин на светител. Како еремит тој бил почитуван во ист ранг како сите светители и богоугодници. Светителскиот култ на Гаврил Лесновски е прототип на култот на Јоан Рилски, Прохор Пчински и Јоаким Осоговски. Меѓу нив особено култот на Јоан Рилски стекнал завидни димензии. Неговиот првобитен престој во пределите на Осоговската Планина имал широк одраз во околните места. По неговиот пример и кон следбениците во подвизништвото се проширило градењето на светителскиот култ. Затоа и Првош Сланкаменац ќе ги поврзе овие истоветни типови на светители како ирадијција од култот на пустиножителот Јоан Рилски[11].

Светителскиот култ на пустиножителот Гаврил Лесновски се проширувал и се развивал преку облиците на религиозно-духовната, книжевната, уметничката и народната традиција.

Духовно-религиозниот облик се одвивал во воспоставувањето светителски култ кон Гаврил Лесновски од страна на црквата и на теолошите учења во одбраната на православно-христијанските принципи. Во врска со популаризирањето на еремитското монаштво и со истакнувањето на неговите религиозно-идеолошки димензии се величел монашкиот подвиг на Гаврил. Со своето монашко држење тој влијаел да се развие подлабока религиозна свест во тој крај. Неговиот пример го следеле повеќе монаси од Лесновскиот и од околните манастири. Некои од нив заминале во подвизништво, а други пак престојувале во манастирите и се угледувале на религиозната дисциплина и на смиреноста што ја покажал овој пустиножител.

Култот на Гаврил Лесновски заживеал веднаш по неговата смрт, а се организирал уште кога тој бил жив. Населението имало благопочит кон него и барало благослов и исцелување. Популарноста на овој светител придонела Лесновскиот манастир да прерасне во голем духовен и книжевен центар. Во таа смисла се барала свештенската сатисфакција на манастирот. Со помошта на култот на Гаврил Лесновски се воспоставила и внатрешната манастирска дисциплина, што се постигала со заканата од последиците на чудотворната моќ. Со своето богоугодно дело, со доследноста кон христијанскиот начин на живеење и со искушенијата за верата, Гаврил Лесновски стекнал благодарност и признание од црквата. Црковните достоинственици биле заинтересирани да се одржува и да се издига култот на пустиножителот, зашто популарноста и симпатиите кон него истовремено претставувале и заштита на манастирскиот култ.

---

[10] Л. Павловић, Култови лица..., 253.
[11] П. Сланкаменац, Легенде..., 228-229.

Култот на пустиножителот Гаврил Лесновски се зацврстувал и преку истакнувањето на неговата чудотворна моќ. Во средината каде што бил проширен неговиот култ се раскажувале најразлични чуда, што тој ги извршувал уште кога бил жив. Сé понагласено се истакнувале чудата што ги правел по молитвите на верниците. Светителот требало да дава помош на унесреќените и на болните, приредувал утешение за грешните, се појавувал во соништата откривајќи ги тајните и соопштувајќи ги неизвесностите. Неговата исцелителна моќ доаѓала до израз кога „жалоста ја претворал во радост". Од тоа се заклучува дека предодредбата за таквата чудотворност на Гаврил Лесновски се поистоветува со облик на пара-психолошката сфера. Во своите егзалтантни толкувања Душко Наневски ја нарекува оваа појава „поетика на сонот"[11a].

Култот на Гаврил Лесновски бил прифатен и од владетелите и благородниците. Се истакнувала неговата моќ да им помага на владетелите во нивните воени подвизи. Во неговото житие се укажува на примерот како тој му помогнал на месниот кнез Михаил да го убие заповедникот на дојдените поганци (веројатно Печенезите). Од неизбежен пораз кнезот се стекнал со победоносен триумф благодарејќи на почитта кон овој пустиножител. Ваквото чудотворно однесување го поврзуваме со класичната легендарна форма кога грчките богови се заинтересирани за војните меѓу луѓето и нивното определување на една страна. Наведениот легендарен пример влијаел пустиножителот да се почитува и од останатите владетели на овој крај. Војводата, а подоцна и деспот, Јоан Оливер го негувал култот на Гаврил Лесновски. Тој го обновил од темел и го проширил Лесновскиот манастир, со што ја проширил неговата духовна и културна дејност. Култот кон пустиножителот Гаврил бил и една од причините овој манастир да се издигне во седиште на новоформираната Злетовска епископија во 1347 година[12].

Култот на Гаврил Лесновски стекнал широка масовност од моментот кога неговите мошти се пренеле од планината во Лесновскиот манастир. Веројатно и тогаш пустиножителот бил удостоен со благопочитта на светител. Неговите мошти и верувањето во нивната чудотворност послужиле за масовна популаризација на култот. Светите мошти (λειΨανα) се посмртни остатоци од некој маченик или светител, коишто предизвикуваат чудотворн моќ. Заради таквата особина се нарекуваат „моќи" или „мошти". Според учењето на црквата, достојниот живот на светителот, определен од христијанската свест, придонел Бог да отстапи од општиот закон на распаѓањето на човековото тело и нив ги прославил со натприродна моќ, т.е. со чодотворност[13]. Меѓу народот е распространето верувањето дека постојат два вида нераспаднати тела: на светителите и на проколнатите (вампирите). Уште со прифаќањето на христијанството верниците ги почиту-

[11a] Душко Наневски, Критички илуминации, Скопје 1984, 93.

[12] Стеван Симић, Лесновски манастир св. оца Гаврила, Београд 1913, 50.

[13] Леонтије Павловић, Преглед светих моштију кроз историју у Српској православној цркви, Зброник православног богословског факултета, III, Београд 1954, 231.

вале гробовите и моштите на прифатените светители и верувале во нивната чудотворна моќ. Црковните закони пропишувале децидни правила за почитување на моштите. На Седмиот Вселенски собир во седмиот канон било забележано: „Господ наш Исус Христос ни дал мошти од светители како извори за спасение, а од нив од секаде доаѓа помош за немоќните. Кој ќе ги омаловажува моштите на мачениците, за коишто се знае дека се вистински, ако се епископи или клирици нека се осквернат, а ако се монаси или световници нека се лишени од причеста"[14]. Култот на светителите и нивните мошти извршиле силно влијание на моралот кај верниците. Најмногу се славеле пронаоѓањето на моштите, нивните исцеленија и преместувањата од едно место во друго.

Легендата ги слави пронаоѓањето на моштите на пустиножителот Гаврил Лесновски и нивното преместување од местото на неговото подвизување до Лесновскиот манастир, како и пренесувањето од Лесново во Трново. Се слави и исцелителната моќ на неговите мошти, со чија помош многу верници се излекувале од различни болести. Како пример се наведуваат исцеленијата на ќерката на еден богат Ерменец и на синот на еден месен кнез[14a]. Моштите на Гаврил Лесновски биле откриени со помош на соновидение и откако било познато местото, со високата асистенција од митрополити, презвитери, свештеници и кнезови, биле положени во свет храм, за да им се поклонуваат верниците. Според текстот на неговото кратко житие по 30 години откако умрел му биле пренесени моштите во Лесново, а според опширното - по неколку денови.

Во почетокот на XIII век неговите мошти се пренеле во Трново, во црквата св. Апостоли на Трапезица. Пренесувањето на неговите мошти од Лесново во Трново се поврзува со желбата на бугарските владетели да му дадат поголема важност на своето седиште, да изградат религиозен центар и за себе да пронајдат заштитници[15]. На овој чин му претходеле и пренесувањата на моштите на Јоан Рилски, Петка, Иларион Мегленски[16] и други. Веројатно првото пренесување на моштите на Гаврил во Лесновскиот манастир се извело на 15 јануари, кога се слави и неговиот помен. Во црковниот календар под овој датум се слави неговиот помен заедно со Прохор Пчински и со порано воспоставените култови на светителите Павел Тивејски, Јоан Колибник, Пансофиј, Маркељ и Харитон, Јоан и Григориј, Павел и Сила, Корнилиј и Целестиј, Крисконij, Зинон, Менелај, Исидор Скитски и презвитер Исидор Александриски[17].

Опширното житие на Гаврил Лесновски завршува со нагласувањето на судбината на неговите мошти, што е случај и во краткото

---

[14] Леонтије Павловић, Преглед светих моштију..., 233; Никодим Милаш, Православно црквено право, Београд 1926, 599.

[14a] В. Антиќ, Локални хагиографии..., 45.

[15] Л. Павловић, Култови лица..., 280.

[16] Vladimir Mošin, Slavenska redakcija prologa Konstantina Mokisijskog u svjetlosti vizantijsko-slavenskih odnosa XII–XIII vijeka, Zbornik historijskog instituta Jugoslavenske akademije, Zagreb 1959, 2, 46.

[17] Архим. Стеф. Абаджиевъ, Жития на светиитѣ, 1925, 223.

житие од 1330 година. Овојпат се нагласува дека моштите на пустиножителот биле однесени во Трново во периодот кога турскиот цар Мурат извел освојувачки поход во средновековната српска држава, во чијшто состав била и Македонија. Натаму се продолжува во текстот дека тогаш трвновскиот патријарх се плашел тие да не се изгорат од Турците и дошол во Лесновскиот манастир да ги однесе во Трново, во црквата св. Апостоли на Трапезица. Овој податок од опширното житие во врска со моштите на Гаврил Лесновски го прифатија за историски извор некои истражувачи во своите научни коментари. Така Д. Цухлев забележал дека моштите на овој пустиножител ги пренел во Трново патријархот Ефтимиј по доаѓањето на Султан Мурат на Балканот[18], а Радослав М. Груиќ наведува дека моштите се пренеле во 1389 година[19], кога дефинитивно српската држава била разбиена од Турците.

Во книжевното наследство не се откриени хагиографски или химнографски творби што го прославуваат пренесувањето на светите мошти на Гаврил Лесновски. Познато е дека било вообичаено ваквите свечени чинови да се опишуваат или да се воспеваат во средновековната книжевна пракса. Наведувањето на различните податоци во краткото и во опширното житие за периодот на пренесувањето на светите мошти го поттикнуваат и недоразбирањето при истражувањата. Историските неусогласувања што произлегуваат од содржините на двете житија не е темелно проследено во досегашните истражувања. Не е точно утврдено дали овој чин се извршил во почетокот на XIII век, во 1389 година - кога Македонија паднала под турска власт, или пак во XVI век - како што Цветан Грозданов го ревидира податокот од опширното житие за припадноста на Злетовската епархија кон Софиската митрополија[20]. Конкретно, Грозданов му се спротивставува на мислењето на Јордан Иванов по тоа прашање[21] и тврди дека интерпретацијата во опширното житие на Гаврил во врска со Софиската митрополија би водела потекло од втората половина на XVI век, кога Софиската епархија била во ранг на митрополија, а во состав на диецезата на Пеќ. Тој ја засновува ваквата констатација врз основа на истражувањата од Р. Тричковиќ[22].

Во однос на прашањето кога точно се извршил овој чин треба да се има предвид следниот момент. Краткото житие е сочувано во 1330 година и за него се претпоставува дека има предлошка од XIII век, а опширното има сочувани преписи од XVIII и XIX век. Со оглед на тоа што првото потекнува од поран период, ние се определуваме да ги почитуваме податоците од неговата содржина. Тоа значи дека не може да се исклучи XIII век за период кога биле пренесени моштите на пустиножителот. Меѓутоа, се наметнува дилемата дали моштите

---

[18] Д. Цухлевъ, История на българската църква, том I, София 1911, 466.

[19] Радослав М. Грујић, Скопска митрополија, Споменица српско-православног саборног храма Свете Богородице у Скопљу 1835-1935, Скопље 1935, 76.

[20] Цветан Грозданов, Портрети на светителите од Македонија од IX–XVIII век, Скопје 1983, 161.

[21] Йордан Иванов, Съверна Македония, София 1906, 96.

[22] Р. Тричковић, Српска црква средином XVII века, „Глас“, CCCXX, Оделење историских наука, 2, Београд 1980, 96-97.

на Гаврил биле пренесени двапати во Трново. Ако се докаже тоа, произлегува дека моштите биле вратени благовремено во Лесновскиот манастир. Постои и друга претпоставка. Во науката е потврдено дека опширното житие има влијание од народните преданија за Гаврил Лесновски и истото се нарекува „народно житие“[22a]. Постои веројатност овој податок за пренесувањето на светите мошти во времето на турското ропство дека е трансформиран од фантазијата на месното население. Впрочем тоа го докажува и ревидирањето на периодот во врска со постоењето на Софиската митрополија, што го изврши Цветан Грозданов. Народните преданија не ги почитуваат секогаш историските прецизности, туку во нив се прилагодуваат настаните според воздигањето на главниот протагонист или на настанот, што се во центарот на имагинацијата. Таквото образложение ја прочистува претставата за периодот на пренесувањето на Гавриловите мошти, а нашиот заклучок е дека овој чин се извршил во почетокот на XIII век. Ние оставаме извесна резерва и за размислувањето дека моштите на Гаврил се пренеле во Трново на двапати, што секако тоа ќе го докажат или оспорат идните истражувања.

Во текстот на „Изеснителното писание“, што претставува опис на Лесновскиот и на околните манастири, а се поместува во ракописи речиси секогаш по опширното житие, се присутни податоци за моштите на пустиножителот Гаврил Лесновски. Кон крајот на содржината е запишано: „Светите мошти на преподобниот отец Гаврил Лесновски чудотворецот се наоѓаат во Велико Трново, во светата црква од она време, кога отоманските цареви разоруваа. Но денеска таа црква се наоѓа под турско владееење и ја викат џамија. Таму почиваат светите мошти и до денес. Заради тоа ве молам браќа и љубезни читатели, читајќи го ова мое изеснително писание, како што пишувам јас грешен и недостоен, таму се наоѓаат светите мошти во Велико Трново, но да не ги изумите и секогаш да сакате да се приберат и за нив да се молите на првиот создател бог и на преподобниот отец наш Гаврил да му се умилостивите за нас грешните и недостојни робови...[22б]. Веројатно и овој текст како и опширното житие е пишуван во XVI век. Тој се препишувал сè до XIX век и притоа не се менувала неговата содржина. Таквата состојба оневозможува периодите на преписите да се земаат како историски извори. Како што се гледа од наведениот цитат, во времето кога се напишал овој текст моштите на пустиножителот Гаврил Лесновски сè уште биле во Трново. Пишувачот ги моли монасите од Лесновскиот манастир да не ги заборават светите мошти и тие да се приберат т.е. да се вратат. Веројатно таква акција била извршена и моштите се вратиле во Лесновскиот манастир. Во таа смисла се надоврзуваме на истражувањата од Леонтие Павловиќ, којшто пишува дека моштите биле сочувани до поново време во Лесновскиот манастир[23]. Веројатно моштите на пустиножителот биле врате-

---

[22a] Климентина Иванова, Стара българска литература. Житиеписни творби, София 1985.

[22б] Религиозни раскази, книга пета и шеста, т. I, София 1896, 182; Ефремъ Караноъ, Материали по етнографията на нѣкои мѣсности въ Сѣверна Македония, които сж смежни съ България и Сърбия, СбНУНК, кн. IV, София 1891, 302.

[23] Л. Павловић, Култови лица..., 33; Истиот, Преглед светих моштију... 246.

ни во Лесново по овој проглас на монахот, којшто го напишал Изеснителното писание. Според двата натписа што ги објави Глиша Елезовиќ[24] се гледа дека во манастирот престојувале мошти кон крајот на XVII и во почетокот на XIX век. Имено, до западниот прозорец на главното кубе од десната страна на црквата во 1694 година еромонахот Исаија напишал дека Лесновскиот храм бил поробен и во него не останало ништо освен книги и моштите. На една кутија со мошти имало натпис од 1828 година, а според содржината не се дознава на кој светител му припаѓале тие.

Во нашиот коментар за моштите на пустиножителот Гаврил Лесновски привидно го наметнавме прашањето за зацврстувањето на култот кон него преку обликот на книжевната традиција. Во натамошниот дел од ова наше истражување се задржуваме на зачувувањето на култот на пустиножителот преку книжевните творби, што биле напишани во таа чест. Најзначајна улога во одржувањето на неговиот култ имале житијата и службите. Преку читањето на нивните содржини се чувала традицијата за светителот, која требало да се негува за да се дејствува воспитно кај верниците, но и да се проширува култот на Лесновскиот манастир.

Хагиографските и хинографските творби за пустиножителот Гаврил Лесновски се составиле од писатели со изградена теолошка свест и со црковно-организационо чувство. Тие состави имаат провиниенција од теолошко-христијанските мотиви со изблици на библиските доживувања. Главната тенденција во нивните содржини е да се поистовети светителот со библиските личности и да се зацврсти светителскиот култ. Интересно е да напомениме дека во житијата и службите на преподобниот Гаврил Лесновки не се рефлектира митолошката фантазија до нагласен степен, како што е тоа присутно во составите на творбите за некои други светители. Сосема е во право Првош Сланкаменац кога забележува дека во легендарните состави од типот на житието на Гаврил настанало подместување на психолошките тенденции кон социјалната функција[25]. Неговото житие и житијата на пустиножителите Јоан Рилски, Прохор Пчински и Јоаким Осоговски немаат содржинска назнака од анахоретски тип, и покрај тоа што тие биле припадници на анахоретското монаштво и што реализирале висок испоснички подвиг. Поразлично од тие состави е житието на Петар Коришки, коешто се разликува и има анахоретски тип, зашто во него вниманието се задржува на испосништвото. Во содржините на житијата на останатите споменати пустиножители, меѓу кои и на Гаврил, испосништвото се споменува попатно, а во нив повеќе се зборува за чудотворствата на светителите, што ги извршувале во прилог на верниците во животот или по смртта. Особено се нагласуваат чудата на нивните мошти.

Содржинската структура на житието на пустиножителот Гаврил Лесновски претставува не многу тесно поврзан сплет на анахоретски, едификативен и манастирски тип на култна презентација. Сосема се нагласува доминацијата на манастирскиот тип. Тоа го прави

---

[24] Глиша Елезовић, Записи и натписи, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, 1, Скопље 1936, 251 и 253.

[25] П. Сланкаменац, Легенде... 232.

неговото житие ангажирано т.е. во него се истакнува тенденциозно-пропагандната и социално-култната назнака. Анахоретскиот признак во тоа житие е мошне тесно изразено. Неговата конотација се сведува само на стереотипните претстави на потеклото и светителските склоности на пустиножителот уште во детството. Едификативната тенденција е наменета за приближување на култот на пустиножителот до повисоките кругови, а специјално за монасите на читање. Тоа го евидентира практичниот карактер на житејниот текст. Во житието на Гаврил не е потценета и историската импресија. Неоспорни се ставовите на повеќето истражувачи коишто тврдат дека житието на Гаврил Лесновски има, пред сè, култно обележје од манастирски тип. Во прв план Гавриловото житие има тенденција да создаде посилен и долготраен култ кон Лесновскиот манастир. Со нагласена дигресија ова тврдење може да се однесува и за текстот на неговата служба. Во службата доаѓаат до израз поетските реминисценции за монашкиот подвиг и оданоста кон православната вера на пустиножителот Гаврил Лесновкси. Во тој контекст се прославува и Лесновскиот манастир како „велика лавра". Сепак содржината на службата не е тесно поврзана со црковно-организаторската тенденција, како што е тоа случај во текстот на варијантите на неговите житија. Службата на Гаврил Лесновски има и подлабока есенцијална доблест и при читањето приредува подлабоко духовно доживување.

Култот на Гаврил Лесновски нашол одраз и во сликарската традиција. Присуството на неговите портрети во фреско-сликарските ансамбли по црквите и манастирите, на иконите и по друг црковен инвентар (бакарни плочи, бајраци и сл.) го зацврстувал култот и се воспоставил непосреден контакт меѓу верниците и неговата светост. Сликарската претстава на неговиот лик го илустрирала неговиот светителски израз и ги доближувала до верниците религиозната енергија и духовните расположби. Неговата присутност во сликарско-духовните импресии по светите храмови извршила поширока распространетост на култот, за разлика од влијанието што се вршело преку книжевната традиција. Најтемелни истражувања за врската меѓу портретите на пустиножителот Гаврил Лесновски и воспоставувањето на неговиот култ изврши историчарот на уметноста Цветан Грозданов[26], а покрај него извесен резултат дадоа и истражувањата на Асен Василиев[27], Владимир Р. Петковиќ[28], Воислав Ј. Ѓуриќ[29] и др.

Портретот на Гаврил Лесновски се сликал најчесто заедно со пустиножителите Јоан Рилски, Прохор Пчински и Јоаким Осоговски (особено со последните двајца светители), што е резултат на нивниот заеднички воспоставен култ. Покрај нив се сликале и портретите на некои светители од „седмочислениците" и на други, од српска, бугарска и светогорска локална провиниенција. Неговите најстари портрети се идентификувани дури во првата половина на XIV век, во фреско-

[26] Ц. Грозданов, Портрети....

[27] Асен Василиев, Български светци в изобразителното изкуство, София 1987, 110-111.

[28] Владимир Р. Петковић, Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа, Београд 1950.

[29] Војислав Ј. Ђурић, Византијске фреске у Југославији, II изд., Београд 1975.

живописот на Лесновскиот манастир[30]. Присуството на култот на овој пустиножител во сликарската традиција започнало порано од XIV век. Цветан Грозданов смета дека неговиот култ се воспоставил во сликарството во XII или во XIII век[31]. Досега не се откриени конкретни изворни показатели за да се реши ова прашање, но ние не ја исклучуваме можноста дека култот на Гаврил Лесновски почнал да се изразува во сликарстовот истовремено со неговиот одраз во книжевната традиција т.е. во втората половина на XI век, кога настанале првите книжевни творби инспирирани од неговиот монашки подвиг. Познато е дека во тоа време во врска со воспоставениот култ на пустиножителите биле изградени или обновени нивните манастири.

Култот на Гаврил Лесновски освоил терен во сликарската традиција најпрво преку фреските, иконите, ракописите и другиот инвентар на Лесновскиот манастир. Ваквата состојба е сосема јасна, зашто историјатот и популарноста на овој манастир се тесно поврзани со монашката дејност и со култот на пустиножителот Гаврил. На ѕидовите од обновениот храм во 1341 и во 1349 година се присутни два портрета на Гаврил Лесновски, а се прикажани и композициски сцени од неговиот живот и од опелото при неговиот погреб. Ликовниот израз за овој пустиножител се вклопува во камерниот лирски признак на живописниот ансамбл на Лесновскиот манастир. Всушност тоа се и досега најстарите откриени портрети на Гаврил Лесновски, коишто биле изработени врз постари иконографски предлошки[32]. Стефан Симиќ пишува за две големи икони со ликот на пустиножителот, што ги краселе иконостасот и нартексот на Лесновскиот манастир[33]. На иконата во нартексот пустиножителот држел долг пергамент со напишана поука за монасите. На тој начин се изразува поучната функција на неговиот култ, што требало да воспостави дисциплина меѓу манастирското братство.

Историските околности што следеле во Македонија предизвикале одраз и во црковниот живот пошироко меѓу јужнословенските народи. Завојувањата на македонските територии од страна на средновековната српска држава и претензиите на Бугарија да има какво и да е присуство на тој терен предизвикале и воспоставување на взаемни влијанија во духовниот живот. Локалните димензии на светителскиот култ на Гаврил Лесновски почнале да се шират и да се наметнува неговото почитување надвор од месните граници. За подместувањето на култот на Гаврил во пошироки димензии особено придонело сликарството. Неговите портрети почнале да се илустрираат по живописите на храмовите што се граделе по териториите на централните и јужните македонски краеви па сè до западна Србија и Славонија, кон Софискиот крај и пошироко во Бугарија[34]. Ваквото ширење на култот на Гаврил Лесновски настапило спонтано, преку активноста

---

[30] Коста Балабанов, Климент и Наум и македонските „пустиножители“ во делата на ликовните уметници од XI до крајот на XIX век, Предавања на XIII семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје и Охрид, 8. VIII–29. VIII 1980, Скопје 1980, 263.

[31] Ц. Грозданов, Портрети..., 179

[32] Истото..., 164.

[33] С. Симиќ, Лесновски манастир..., 39.

[34] Ц. Грозданов, Портрети..., 180.

на зографите од Злетовскиот крај и преку популарноста на пустиножителот, којшто ја стекнал во другите краеви. Подместувањето на неговиот култ од локалните рамки, барем што се однесува до сликарската традиција, треба да се бара од периодот на XIV век, а особено тоа се засилило од втората половина на XV век, за да натаму се негува сè до XIX век. Оваа констатација ја поткрепуваме врз основа на ставот што го има Цветан Грозданов, којшто смета дека до пошироко групирање на портретите на пустиножителите од северните краеви на Македонија со други српски и бугарски светители дошло во периодот од втората половина на XV век[35].

Во оваа пригода е мошне важно да ја потцртаме развојната линија на ширењето на неговиот култ преку сликарската традиција. На македонскиот терен развојниот пат на култот во сликарството се одвивал етапно, во зависност од ширењето и прифаќањето на популарноста на пустиножителот. Обично зографите од Злетовскиот крај биле оние кои го пренесувале култот на Гаврил Лесновски по фреските на македонските цркви и манастири, но и влијанието од проповедните и книжевните контакти меѓу повеќето краеви го овозможувале овој процес. Не треба да се потценува и популарноста на Лесновскиот манастир, во којшто доаѓале црковни достоинственици од повеќе краеви и имале можност да слушаат за монашкото достоинство и за чудотворноста на пустиножителот и да го видат неговиот портрет. Веројатно и по ваквата импресија биле давани наредби да се наслика портретот на пустиножителот во некој новоизграден или преживописан манастир. На македонскиот терен е евидентирано присуството на Гавриловиот култ во фреско-живописните ансамбли на манастирите во Лесново, Псача, Нагоричани, Коинци, Прохор Пчински, Журче, Неготино, Добарско – кај Разлог итн.[36]

Од половината на XVI век во сликарската традиција настанала понагласена симбиоза на култовите на пустиножителите Гаврил Лесновски, Прохор Пчински и Јоаким Осоговски со култовите на пустиножителите и мачениците од српската средина. Цветан Грозданов ја објаснува таквата појава со историскиот контекст што го рефлектирала Пеќската патријаршија. Имено, таа започнала процес на прокламација на политиката за обновување на традициите на јужнословенските православни подрачја под турска управа[37]. При живописувањето на припратата на манастирот во Пеќ биле застапени и портретите на споменатите македонски светители заедно со Петар Коришки и Јоаникие Девички[38]. Портрети на Гаврил Лесновски се среќаваат и во живописот на српските манастири во Студеница и во Грачаница[39].

---

[35] Истото..., 179.

[36] За портретите на Гаврил Лесновски во македонските цркви и манастири види: М. Грујић, Скопска митрополија..., 177; А. Василиев, Български светци..., 110–111; Ц. Грозданов, Портрети...; Йордан Иванов, Български старини изъ Македония, София 1931, 75; В. Петковић, Преглед..., 12, 149; Е. Флорева, Старата църква в Добърско, София 1981, 120 итн.

[37] Грозданов, Портрети..., 172.

[38] С. Петковић, Зидно сликарство на подручју Пећке патријаршије 1557-1614, Нови Сад 1965, 86–87, 162–163.

[39] С. Петковић, Зидно сликарство..., 91; Ц. Грозданов, Портрети..., 174.

Култот на Гаврил Лесновски добил одраз и во сликарската традиција во Славонија, поточно во живописот на црквата св. Никола во Ораховица[40]. Присуството на култот на овој пустиножител во Славонија може да се поврзи со доаѓањето на зографи што ги познавале сликарските традиции на споменатите пустиножители.

Во почетокот на XVII век, а и подоцна, е присутен пробивот на култот на Гаврил Лесновски во сликарската традиција во Бугарија. Се евидентира портретот на овој пустиножител во Сеславскиот манастир св. Никола кај Софија[41]. Неговиот портрет е претставен заедно со портретите на Прохор Пчински, Иларион Мегленски, Јоаким Осоговски, Георѓи Нови Софиски (Кратовски) и Никола Нови Софиски. Во овој случај е присутна симбиозата на култовите на македонските светители со култот на светителите од софиската традиција. Насликаниот портрет на Гаврил Лесновски е присутен и во параклисите св. Јован Богослов и св. Лука во Рилскиот манастир, каде што е претставен заедно со Прохор Пчински и Јоаким Осоговски. Овој портрет на Гаврил потекнува од 1799 година[42]. Цветан Грозданов го објаснува присуството на култот на македонските пустиножители во Бугарија од повеќе причини. На преден план тој го нагласува интензивниот книжевен и уметнички живот во XVI и XVII век, проникнат меѓу Рилскиот манастир и поширокиот Софиски крај, а ја наведува и улогата на обновената Пеќска патријаршија, во чијашто диецеза се наоѓале и епархиите на Самоков и Ќустендил[43]. Во таа смисла се има предвид и близината на манастирите коишто се поврзани со имињата на споменатите пустиножители.

Култот на Гаврил Лесновски стекна одраз и во сликарската традиција на Света Гора. Тој е насликан во припратата на Зографскиот манастир, но во контекстот на светителските култови надвор од неговиот круг[44]. Во другите светогорски манастири не се среќава портртот на Гаврил, што укажува на фактот дека во Зограф бил пренесен неговиот култ преку посредството на македонските и бугарските монаси.

Во врска со култот на пустиножителот Гаврил Лесновски одразен во сликарската традиција би додале уште дека тој е потесен во однос на култовите на пустиножителите Јоан Рилски, Прохор Пчински и Јоаким Осоговски. Во некои црковни споменици во живописот се изостава неговиот портрет, а се одбележени портретите на пустиножителите со коишто го поврзува традицијата. Сличен е примерот и во книжевните споменици, при застапувањето на нивните житија и служби во ракописните зборници, или пак во месецословите на библиските ракописи и помените во молитвениците.

Култот на пустиножителот Гаврил Лесновски стекнал свој одраз и во народната традиција. Монашкиот подвиг и длабокото хри-

[40] Р. Грујић, Старине манастира Ораховице у Славонији, Старинар, књ. XIV, Београд 1939, 33.

[41] Д. Каменова, Сеславската църква, София 1977; Иван Богданов, Български твърдини, книжовни огнища, крепости, манастири в София и Софийско, София 1971, 90.

[42] А. Василиев, Български светци..., 111.

[43] Ц. Грозданов, Портрети..., 177.

[44] Истото..., 179.

стијанско достоинство му изградиле култ на религиозен херој и на светител. Народот го прифатил за свој заштитник и посредник меѓу нивната судбина и божјата волја. Месното население го имало овој пустиножител за свој предодреден светител и за своето духовно утешение измислувале приказни и преданија за него и за неговата чудотворна моќ. На тој начин се зацврстувал неговиот култ и се стекнал со понагласена социјална функција. Фантазијата на народот обликувала психолошки метаморфози за моќта на светителот. Култот на пустиножителот посегнувал до позасилени психолошки сфери преку народната традиција, за разлика од ефектот што се имал од проповедите на свештените лица и од книжевните творби.

Моќта на народот да се поистоветува со тајните на натприродните појави овозможила да се трансформираат најразлични социолошки, филозофски и пара-психолошки импликации во реалниот општествен живот. Овие појави не влијаеле патолошки на свеста, туку ја збогатувале духовната имагинација. Мисловната еманација на верниците давала прилог во формирањето на најсилната психолошка генеза на неговиот култ: да се побара излез од мо̂рата и од лудилото на светот. Не случајно народот верувал дека пустиножителот Гаврил Лесновски ја претварал жалоста во радост. Токму и ова карактеристика од неговиот култ освоила место во религиозната свест и во раскажувачката фантазија на народот. Се верувало дека пустиножителот владее со моќ да ја истерува злата сила, што се вгнездувала во душата на човекот. Во молитвите и почитта кон него се барало спас од пароноидните и психогените болести.

Меѓу месното население кружат приказни и преданија за неговиот живот, за монашкиот подвиг и за чудотворноста што ја имал. Содржините на овие раскажувања се консултирани воглавно од неговото житие и се позајмени од проповедите на лесновксите монаси. Сепак се забележува присуството на збогатување со нови настани и чуда. На тој начин народот дава свој прилог во збогатувањето на неговиот култ. Во почетокот се појавил одразот на книжевниот мотив за пустиножителот во народната традиција, а подоцна, особено за време на турското ропство, народната фантазија дала нови содржински облици, што дејствувале обратно, пренесувајќи се во книжевната традиција. Последната варијанта на житието на Гаврил Лесновски, чиишто преписи датираат од XVIII и XIX век, претрпела значајна содржинска трансформација од народната традиција. Затоа на некои места неговата содржина се разликува од текстот на житието што настанало некаде во XIII век. Со голема оправданост гледаме на ставот дека оваа варијанта на житието на Гаврил Лесновски се квалификува како „народно житие“[45].

Како што видовме култот на Гаврил Лесновски се стекнал со длабока почит. Тој бил во поголема мера изразен во Злетовскиот крај и се негувал меѓу месното население. Неговата распространетост се одвивала преку духовната, книжевната и сликарската традиција. Почитта кон пустиножителот се прифатила и по другите краеви на Македонија, дури и во некои средини во Србија, Славонија и Бугарија.

---

[45] Климентина Иванова, Стара българска литература. Житиеписни творби, София 1985.

Сепак неговиот култ го сочувал својот локален карактер. Во пошироките историографски толкувања тој се прифаќа како јужнословенски еремит. Не е прецизно одредено каква народност имал, а не треба и историографијата да се занимава со тоа прашање. Во спротивно истражувачот ќе се изгуби во маглата на средновековниот апсурд. Мошне благопријатна констатација дава Вера Стојчевска-Антиќ, којашто забележува дека најсуштински факт за тоа прашање е што Гаврил Лесновски се родил во Македонија и живеел таму, а со својот монашки подвиг оставил жив култ токму во Македонија, што се сочувал сè до денес[46].

Ilija VELEV

## THE CREATION OF THE CULT OF THE HERMIT GAVRIL LESNOVSKI

Summary

This article is a part of a wide range of research works on the cult of the hermit Gavril Lesnovski, reflected in the literature and in the folk tradition. This hermit lived and acted in the northerm regions of Macedonia in the XI century. The monastic exploit that he had performed for the sake of his Christian consciousness raised his personality to the dignified rank of a saint. Therefore, the stress of this research is on the creation of the cult of this hermit through the forms of religious and spiritual, literary, art and folk tradition.

---

[46] В. Антиќ, Локални хагиографии... 17.